Врз основа на член 384, 387 и 388 од Законот за трговски друштва и одредбите од Статутот, Управниот одбор на Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ, на својата седница одржана на ден 16.03.2020 година, донесе Одлука за свикување на редовна седница на Годишното собрание на акционери на Друштвото и за таа цел објавува:

## ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ
## ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДРУШТВОТО ОБЈАВУВА

# ПОВИК
## за учество на Годишно собрание на Друштвото

Годишното Собрание на акционери на Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје, со седиште на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје, ќе се одржи на 21.04.2020 година, со почеток во 12,00 часот, во седиштето на друштвото, на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје со следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

**1.** Избор на претседавач со Собранието;
**2.** Избор на еден бројач на гласови;
**3.** Избор на записничар;
**4.** Разгледување на финансиските извештаи за работењето на друштвото во 2019 година; со
- Предлог-одлука за усвојување на финансиските извештаи за работењето на друштвото во 2019 година;
**5.** Разгледување на Годишна сметка на Осигурително брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје за времето од 01.01.2019 година до 31.12.2019 година; со
- Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка;
**6.** Разгледување на Годишен извештај за работењето на друштвото во 2019 година; со
- Мислење од Надзорниот Одбор на Друштвото и
- Предлог-одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на друштвото во 2019 година и Мислењето од Надзорниот одбор;
**7.** Извештај за работата на Надзорниот одбор на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2019 година, колективно и од аспект на поединечните членови; со
- Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
**8.** Извештај за работата на Управниот одбор на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2019 година, колективно и од аспект на поединечните членови; со
- Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
**9.** Предлог одлука за распоредување на добивката за 2019 година;
**10.** Разгледување на извештајот за извршената ревизија за 2019 година; со
- Предлог-одлука за одобрување на Извештајот;
**11.** Предлог-одлука за определување друштво за ревизија на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје во 2020 година;
**12.** Предлог - Одлука за наградување на претседателот на Надзорниот одбор на друштвото;
**13.** Предлог-одлука за определување на месечниот надоместок за членовите на Надзорниот одбор;
**14.** Предлог-одлука за исплата на дополнителна награда на член на Управен Одбор.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.

Право на учество во работата и право на глас во собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кој ќе го застапува на собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар.
Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.
Акционерот е должен личното присуство да го најави пред почетокот на седницата на собранието. Овластените претставници на акционерите се должни полномошното да го доставаат пред почетокот на одржување на седницата на собранието.
Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да доставаат предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.
Материјалите за Собранието по точките на дневниот ред, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на друштвото на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје.

МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР